ЈКП"ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА"
Бр. 04-82/4
20.02 2020 год.
ПРИЛЕП

ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп
Директор Емил Јанески

**ВРСКА: ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување број 04-82/1 од 05.02.2020 година**

**Предмет: ОДЛУКА**

Од ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп,Ул.„Акелсандар Македонски“ бр.559,со ЕМБС: 5851661, ЕДБ:4021003142266, застапувано од Директорот Емил Јанески

**Почитувани,**

ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп на ден 05.02.2020 година објави јавен оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување, а кој што јавен оглас траеше 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во три дневни весници (Нова Македонија, Вечер и Коха).
Согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија јавниот оглас беше уредно објавен на веб страницата на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп и доставен и објавен во Агенцијата за вработување на РСМ.

**На ден 16 февруари 2020 година, во Службен весник на РСМ бр.43/2020, беа објавени Одлуката за распуштање на собранието на Република Северна Македонија број 08-1421/1 од 16.02.2020 година и Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во собранието на Република Северна Македонија број 09-1422/1 од 16.02.2020 година.**

**Согласно одредбите од Изборниот законик на РСМ** (Служебен весник на РСМ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 , 142/16, 67/17, 125/17 и 35/18), **во членот 8-а е предвидено дека „Од денот на донесување на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на РСМ, пратеници во собранието на РСМ и изборот на Влада на РСМ согласно со резултатите од изборите, како и од**

**денот на донесување на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје НЕ МОЖЕ:**

- **Да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи**

Поради сето ова ЈАВНИОТ ОГЛАС за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување број 04-82/1 од 05.02.2020 година објавен од страна на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ** се до завршување на распишаните предвремени избори за пратеници во собранието на Република Северна Македонија.

ЈКП „Водовод и канализација"
Прилеп
Директор
Емил Јанески

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" Прилеп